Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРИЈАВА
# за отповикување на регистрација за данокот на додадена вредност

**ДДВ-01Б**

*Пополнува Управа за јавни приходи

Датум и број на прием: 

ЕДБ/ЕМБГ

Скратен назив/Име и презиме и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

## ОТПОВИКУВАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИЈА ЗА ДДВ

Датум на престанок на вршење на стопанска дејност што подлежи на ДДВ __ . __ . ____

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА

Име и презиме

Потпис и печат

М.П.

Својство

Датум на поднесување __ . __ . ____

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

Даночните обврзници обврзани за регистрација за ДДВ и доброволно регистрираните за ДДВ остануваат регистрирани најмалку во рок од пет календарски години, независно од висината на вкупниот промет.
Доколку вкупниот промет во петтата календарска година не го надминува износот од 2.000.000 денари, даночниот обврзник може по истекот на рокот да поднесе Пријава за отповикување на регистрацијата за данокот на додадена вредност до Управата за јавни приходи, која му издава решение за бришење од регистарот на обврзници за данокот на додадена вредност.

Пријавата “ДДВ-01Б“ даночните обврзници ја поднесуваат најдоцна до 15-ти јануари во годината од која сакаат да престанат да бидат регистрирани за данокот на додадена вредност. Пријавата се поднесува до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk/

При пополнување на пријавата, податоците внесете ги читливо и целосно, со печатни букви. Податоците внесете ги во точно означените полиња. Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.

**ЕДБ/ЕМБГ**
Физичките лица кои вршат регистрирана дејност (занаетчии, трговци-поединци и сл.), правни лица и здруженија на лица, го впишуваат Единствениот даночен број добиен од УЈП при нивната регистрација, додека физичките лица кои не вршат регистрирана дејност, го впишуваат Единствениот матичен број на граѓанинот (ЕМБГ) од личната карта.

**Скратен назив/Име и презиме и адреса на вистинско седиште за контакт**
Физичките лица кои вршат регистрирана дејност, правни лица и здруженија на лица го наведуваат називот (фирмата) што вообичаено го користат во секојдневното работење, додека физичките лица кои не вршат регистрирана дејност, го наведуваат своето име и презиме.
Се наведува полната адреса на вистинското седиште. Физички лица кои не вршат регистрирана дејност, ја наведуваат адресата на живеалиштето. Адресата на вистинското седиште за контакт може да се разликува од адресата на седиштето од судската регитрација.

**ОТПОВИКУВАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИЈА ЗА ДДВ**
Се впишува датумот откога обврзникот престанува да врши стопанска дејност што подлежи на ДДВ. За извршената дерегистрација за ДДВ, УЈП издава решение за регистрација за данокот на додадена вредност - бришење.

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА**
Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на пријавата.
Не заборавајте своерачно да ја потпишете пријавата и да ставите печат.



* *Образецот е објавен на веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/77 и важи од 26.12.2011 година*